# ФИНАНСИСКА ПИСМЕНОСТ КАКО КЛУЧНА ВЕШТИНА ЗА МЛАДИТЕ ЛИЦА

НОВУС

МЛАДИНСКА МРЕЖА ЗА ФИНАНСИСКА ПИСМЕНОСТ

CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Проект: Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот
CM-GGA-244
Здружение Центар за истражување и анализа Новус Струмица
Јануари 2026

Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Опис: Цивика мобилитас е проект на Владата на Швајцарија за поддршка на граѓанското општество во Северна Македонија, која ја спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија кои се водени од силен граѓански сектор, од активни граѓани и добра соработка со властите што резултира со проширен граѓански простор, поодржливи граѓански организации и потранспарентно, отчетно и општествено инклузивно владеење на централно и локално ниво.

Оградување: Содржината на овој прирачник е единствена одговорност на Здружение Центар за развој и промоција Промо Идеа Струмица, Здружение Новус Струмица и Здружение Круна Плус Радовиш и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас, или организациите што ја спроведуваат".

# Додаток 1:

## Практични вежби за Дел 1

# I. КВИЗОВИ

## Квиз 1 - Основни финансиски знаења (12 прашања)

1. Што е нето приход?
2. Кои трошоци се потреби, а кои желби?
3. Што значи ефективна каматна стапка?
4. Што е опортунитетен трошок?
5. Кога е кредитот корисен?
6. Што претставува буџет?
7. Кои се трите најчести импулсивни трошоци кај младите?
8. Што е финансиски дневник?
9. Колку проценти обично одат на штедење во моделот 50/30/20?
10. Наведи два примера за развојни трошоци.
11. Што е фонд за итни случаи?
12. Што значи да бидеш финансиски одговорен?

## Квиз 2 - Основи на финансиска писменост (12 прашања со точни одговори)

**1. Што претставува финансиска писменост?**
а) Само способност да заработуваш пари
б) Само знаење за кредитни производи
**в) Способност да донесуваме добри финансиски одлуки**

**2. Кој е најчестиот извор на приходи кај младите?**
а) Пензии
б) Ренти
**в) Поддршка од родители / хонорарна работа**

**3. Што претставува опортунитетен трошок?**
**а) Она од што се откажуваме кога избираме нешто друго**
б) Повеќекратен трошок
в) Трошок кој нема алтернатива

**4. Што значи „денешниот денар вреди повеќе од утрешниот“?**

а) Парите стареат
б) Денешните цени се пониски
**в) Можеме да ги вложиме, дополнително да добијат вредност**

**5. Кое е најдобро правило за задолжување?**
а) Земете кредит за сè што сакате
**б) Ако не можеш да го вратиш во разумен период – не го земај**
в) Кредитите секогаш се лоши

**6. Кое е најчестото импулсивно купување кај младите?**
**а) Храна, кафе, ситни купувања**
б) Автомобили
в) Станови

**7. Што претставува буџетот?**
**а) План за приходи и расходи**
б) Случајна листа на трошоци
в) Даночен извештај

**8. Што е „фонд за итни случаи“?**
**а) Пари за неочекувани ситуации**
б) Пари што се добиваат како подарок
в) Пари за забава

**9. Што е инфлација?**
а) Намалување на цените
**б) Општ пораст на цените**
в) Раст на приходите

**10. Кој е првиот чекор во финансиско планирање?**
а) Купување на нешто
б) Случајно штедење
**в) Собирање на информација за приходите и расходите**

**11. Кој вид трошоци мора да се планираат први?**
**а) Потреби**
б) Желби
в) Импулси

**12. Што претставува ЕКС (ефективна каматна стапка)?**
а) Договорна камата
**б) Реалната вкупна цена на кредитот**
в) Казнена камата

# II. ПРАКТИЧНИ РАБОТНИ ЛИСТОВИ

## Работен лист 1 - Самопроценка на финансиска писменост

**Цел:** Идентификувај каде се наоѓаш во моментот и кои се твоите најсилни и најслаби финансиски навики.

**Инструкции:** Заокружи од 1 до 5 (1 = воопшто не важи, 5 = целосно важи за мене)

| Изјава | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Ги познавам своите месечни приходи | | | | | |
| Ги следам трошоците редовно | | | | | |
| Имам краткорочни и долгорочни цели | | | | | |
| Избегнувам импулсивни купувања | | | | | |
| Разбирам што значи „вредност на парите низ време“ | | | | | |
| Разбирам камата и ефективна каматна стапка (ЕКС) | | | | | |
| Имам фонд за итни случаи | | | | | |
| Правам разлика помеѓу потреби и желби | | | | | |

Заклучок (пополнува учесникот):

Мои 2 најсилни страни:

1. ____________________
   ____________________
2. ____________________
   ____________________

Мои 2 најголеми предизвици:

1. ____________________
   ____________________
2. ____________________
   ____________________

## Работен лист 2 - Опортунитетни трошоци: Скриените избори

**Инструкции:** Напиши една финансиска одлука што ја планираш. Потоа идентификувај што добиваш и што губиш ако ја направиш.

Одлука (пример: купување телефон, излегување, курс):

____________________

____________________

| Што добивам? (краткорочно / долгорочно) | Што губам? (опортунитетен трошок) |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

**Завршно прашање:**

**Дали вреди? Зошто?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

## Работен лист 3 - Одлука да купам или не?

Овој работен лист се користи пред било какво купување:

| Прашање | Да | Не | Коментар |
|---|---|---|---|
| Дали е потреба? | | | |
| Дали ќе го користам најмалку 6 месеци? | | | |
| Дали имам поевтина алтернатива? | | | |
| Дали сум под емоционално влијание? | | | |
| Дали ја загрозува мојата финансиска цел? | | | |

## Работен лист 4 - Контрола на емоциите при трошење

**Инструкции:** Пополни мини-дијаграм за твоите три последни импулсивни купувања.

| Купување | Причина | Емоција во моментот | Последица | Како би постапил/а следниот пат? |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

**Прашање за рефлексија:**

Што научив од ова?

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

## Работен лист 5 - Листа на моите приходи

**Инструкции:** Пополни ги твоите актуелни и потенцијални извори на приходи.

| Тип приход | Моментална состојба | Колку месечно? | Дали може да се зголеми? |
|---|---|---|---|
| Редовни | | | Да / Не |
| Нередовни | | | Да / Не |
| Пасивни | | | Да / Не |

**Прашања за размислување:**

1. Кој извор може најлесно да се зголеми?
2. Што би ми донело најбрз резултат?
3. Кој извор бара вложување?

## Работен лист 6 - Контрола на трошоци: 30-дневен предизвик

**Инструкции:** Еден месец следи ги своите трошоци. Во листот стави ги само оние што сакаше да ги избегнеш.

| Датум | Што купив? | Колку чини? | Зошто го купив? | Дали беше потреба или желба? |
|---|---|---|---|---|
| | | | | П / Ж |
| | | | | П / Ж |
| | | | | П / Ж |

**По 30 дена одговори:**

1. Колку непотребни трошоци имав?
2. Кои се најчестите „тригери“?
3. Што можам да сменам следниот месец?

## Работен лист 7 - Контрола на трошоци: 30-дневен предизвик

**Недела 1: следење трошоци**

Водење дневник на потрошувачка.

**Недела 2: елиминација на една лоша навика**

Пр. кафе од 120 ден. дневно → 3.600 ден. месечно.

**Недела 3: поставување SMART цел**

Пр. „За 3 недели да заштедам 1.500 ден.“

**Недела 4: буџет и анализа**

Пресметка, заклучоци и споделување во група.

## Работен лист 8 - Од цели до план: Буџет-модел 50/30/20

**Инструкции:**

Пополнуваш според твоите месечни приходи.

**Месечни приходи:** ________ денари

**Пресметка:**

- 50% потреби → ________ ден.
- 30% желби → ________ ден.
- 20% заштеда → ________ ден.

**Твоите 3 цели:**

1. ____________________________________________
____________________________________________
2. ____________________________________________
____________________________________________
3. ____________________________________________
____________________________________________

**Што треба да променам за да стигнам до овие цели?**

____________________________________________
____________________________________________
____________________________________________
____________________________________________
____________________________________________

## Работен лист 9 - Фонд за итни случаи: Мојот тримесечен план

**Инструкции:** Прво пресметај ги просечните месечни трошоци.

Месечни трошоци: __________ денари
Потребен фонд (3 месеци): __________ денари

**План за 90 дена:**

| Недела | Колку ќе штедам? | Извор на парите | Како ќе го намалам ризикот да ги потрошам? |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |
| 4 | | | |

*(се копира се за неделите 5–12)*

## Работен лист 10 - Анализа на задолжување: Дали кредитот вреди?

**Инструкции:** Пополни пред да земеш кредит или рати.

**Производ:** ______________________________
**Цена во готово:** __________ ден.
**Цена на рати:** __________ ден.
**Вкупно ќе платам:** __________ ден.
**Колкава е разликата?** __________ ден.

**Провери ги следните услови и заокружи:**

| Прашање | Да | Не |
|---|---|---|
| Дали ми е навистина потребен производот? | | |
| Дали можам да го плаќам без стрес? | | |
| Дали знам колку ќе платам на крај? | | |
| Дали имам алтернатива? | | |

**Прашање за заклучок:**

**Дали ќе го земам овој кредит? Зошто?**

________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________

## Работен лист 11 - Личен финансиски профил

Учесникот пополнува табела:

| **Финансиска категорија** | **Месечна сума** | **Белешки** |
|---|---|---|
| Приходи | | |
| Фиксни трошоци | | |
| Варијабилни трошоци | | |
| Импулсивни трошоци | | |
| Заштеда | | |

**Прашања за анализа:**

- Каде ти одат најмногу пари?
- Кои трошоци би ги намалил?
- Кои приходи можеш да ги зголемиш?
- Дали салдото е позитивно или негативно?

## Работен лист 12 - Игра „Буџетски лавиринт“ *(Симулација на вистински месец)*

**Цел:** Да донесуваш финансиски одлуки под притисок како во реален живот.

**Инструкции:** Добиваш фиктивни месечни приходи: 12.000 денари Твоја задача е да можеш да преживееш месец без да паднеш во минус.

**Трошоци (задолжителни):**

| **Категорија** | **Цена** |
|---|---|
| Храна | 3.500 ден |
| Превоз | 1.200 ден |
| Телефон | 600 ден |
| Училишни/факултетски потреби | 1.000 ден |

Вкупно задолжително: 6.300 ден

Случајни настани (фрли коцка 2 пати):

| Број на коцка | Настан | Трошок |
|---|---|---|
| 1 | Боледување | 900 ден |
| 2 | Расипано полнач | 800 ден |
| 3 | Роденден на другар | 500 ден |
| 4 | Попуст – шанса за заштеда | - 300 ден |
| 5 | Импулсивно купување | 700 ден |
| 6 | Дополнителна заработка | -600 ден |

**Прашања:**

1. Колку ти останаа пари? ___________________
2. Што би сменил следниот пат? ___________________
3. Кој настан те изненади најмногу? ___________________

## Работен лист 13 - Мини-предизвик: 24-часовно правило *(Самоконтрола за импулсивни купувања)*

**Инструкции:** Секогаш кога сакаш да купиш нешто > 500 денари, мора да чекаш 24 часа.
Запиши 3 ситуации од следната недела.

| Ситуација | Цена | Како се чувствував тогаш? | Ја купив ли работата по 24 часа? | Зошто / зошто не? |
|---|---|---|---|---|
| | | | Да / Не | |
| | | | Да / Не | |
| | | | Да / Не | |

**Рефлексија:**

Што научив од предизвикот?

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

## Работен лист 14 - Игра: „Скриени трошоци“ *(откривање на ситни трошоци што се собираат)*

**Инструкции:** Процени колку трошиш неделно на мали работи.

| **Вид купување** | **Просечно по недела** | **Реален пример** | **Месечен тотал** |
|---|---|---|---|
| Кафе | | | |
| Брза храна | | | |
| Апликации, филтри | | | |
| Случајни „ситници“ | | | |

**Задача:**

Собери ги месечните суми → ____________________ денари

**Прашање:**

Што би можел/а да добиеш доколку ги намалиш за 50%?

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

**Работен лист 15 - Симулација „Твојот иден јас“ *(финансиско планирање)***

**Инструкции:** Замисли се за 2 години. Избери една од трите цели:

- Нов лаптоп
- Патување
- Курс/сертификација

Цена на целта: _________

Колку месеци имаш на располагање? _________

Пресметај:

1. Месечна заштеда = Цена / Месеци
   Месечна сума: ___________ денари
2. Колку реално можеш да издвоиш?
   _____________ денари
3. Што мора да смениш за да се приближиш до целта?

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

## Работен лист 16 - Игра со карти: „Потреба или желба?“

**Инструкции:** Тренерот чита 10 карти (можеш да ги испечатиш). Ти треба да ги ставиш во една од двете колони.

| Потреба | Желба |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

Карти:

1. Нови патики
2. Лекови
3. Книга за училиште
4. iPhone 14
5. Кафе надвор
6. Јавен превоз
7. Курс за вештини
8. Ново џемперче
9. Интернет
10. Подарок за другар

**Прашање за рефлексија:**

Која карта беше најтешка за класификација и зошто?

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________

## Работен лист 17 - Микро-симулација: „Трошам или инвестирам?“ *(учење да се разликува купување од инвестиција)*

**Инструкции:**

Реши дали следниве трошења се:
Т = Трошок или И = Инвестиција (во себе или иднината)

| Активност | Т / И | Образложение |
|---|---|---|
| Купување слушалки | | |
| Купување онлајн курс | | |
| Нови патики за спорт | | |
| 5 пати излегувања неделно | | |
| Книга за личен развој | | |

## Работен лист 18 - Симулација „Кредит или во готово?“ *(поврзано со задолжување)*

**Инструкции:** Споредба на две сценарија.

| **Опција** | **Во готово** | **Кредит** |
|---|---|---|
| Основна цена | ______ | ______ |
| Каматна стапка | / | ______ |
| Месечна рата | / | ______ |
| Период | / | ______ |
| Вкупно плаќање | ______ | ______ |

**Прашања:**

1. Колку повеќе чини кредитот? ___________________
2. Дали вреди? ___________________

## Работен лист 19 — Игра „Финансиски Тетрис“ *(распоредување трошоци)*

**Инструкции:** На табелата се дадени „блокови“. Твоја задача е да ги наместиш така што вкупниот месечен трошок да не надмине 10.000 денари.

| **Блок** | **Опис** | **Цена** |
|---|---|---|
| A | Излегувања | 3.500 |
| B | Храна | 4.000 |
| C | Превоз | 1.200 |
| D | Козметика | 1.800 |
| E | Технологија | 2.500 |
| F | Облека | 2.200 |
| G | Курс | 3.000 |

Избери само она што можеш да си дозволиш:

Ваш избор: A / B / C / D / E / F / G

Вкупно: ______________

Рефлексија:

Кој блок го жртвував и зошто?

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

# III. СТУДИИ НА СЛУЧАЈ И СИМУЛАЦИИ

## Студија на случај 1 – „Финансиски лавиринт“

Леона, 19 години, е студентка која живее со ограничен месечен буџет. Секој месец добива 7.000 денари стипендија и дополнителни 2.000 денари од повремена работа. Иако вкупно располага со 9.000 денари, таа постојано се соочува со ист проблем, уште пред да дојде последната недела од месецот, парите ѝ се веќе потрошени.

**Проблемот:** Леона не води сметка за своите трошоци и најчесто троши импулсивно. Излегува 3 до 4 пати неделно, а секој пат купува по нешто мало: сок, брза храна, евтина козметика, обетка, украс, „ништо страшно“, како што си мисли. Но проблемот не е во една обетка. Проблемот е во тоа што не гледа колку честопати ги повторува тие „мали“ купувања. Освен тоа, таа не користи апликација за следење на трошоци и ретко прави разлика меѓу тоа што навистина ѝ треба и тоа што само го сака во моментот. Кога конечно решава да ги сумира своите импулсивни купувања, добива бројка што ја изненадува: дури 5.800 денари месечно се одлеваат на нешта што ниту ги планирала, ниту ѝ биле неопходни.

**Решението:** Откако сфаќа дека проблемот е во навиките, Леона воведува неколку едноставни, но силни промени:

- **„24-часовно правило“** - за секое купување над 300 денари, чека еден ден. Во повеќето случаи, желбата исчезнува.
- **Апликација за следење на трошоци** - ја внесува секоја сметка, колку и да е мала. За прв пат има јасна слика за тоа каде ѝ одат парите.
- **Лимит за излегувања** - наместо 3–4 пати неделно, излегува два пати, со однапред одреден буџет.
- **Вклучува штедење** - секој месец одвојува фиксна сума за курс што одамна го сака, но никогаш „немала пари“ да го плати.

**Резултатот:** По три месеци, Леона ја споредува состојбата пред и по промените. Забележува дека стабилно штедела околу 3.000 денари секој месец, без да чувствува дека драматично го намалила квалитетот на живот. Единствената разлика е што сега има контрола — а со контролата доаѓа и финансиска сигурност.

**Поента:** Малите промени во навиките создаваат големи резултати кога млад човек конечно ќе ја види целата „слика“ на сопствените трошоци.

## Студија на случај 2 – „Телефон со скриена цена“

Иван, 20-годишен студент, одамна посакувал нов телефон. Кога конечно го видел моделот што го сака, одлучил да го купи на рати, бидејќи месечната сума од 1.500 денари му изгледала „лесна за поднесување“. Продавницата нудела пакет на 36 рати, а продажниот агент му објаснил дека така „не мора да го чувствува трошокот одеднаш“. На прв поглед, ова му изгледало како одлична опција, секој месец ќе плаќа мал износ и веднаш ќе го користи телефонот. Но Иван не направил целосна пресметка. Што навистина плаќа Иван?

По детална проверка, тој открива дека:

- Месечна рата изнесува 1.500 денари
- Периодот на отплата е 36 месеци
- Вкупно плаќа износ од 54.000 денари.

Кога ја проверил вистинската цена на телефонот, сфатил дека уредот всушност чини 32.000 денари. Тоа значи дека дополнително плаќа 22.000 денари само во камата и скриени трошоци, а тоа е повеќе од половина од вредноста на телефонот.

**Алтернативата што Иван не ја видел:** Ако наместо тоа Иван решел секој месец да ги одделува 1.500 денари на штедење:

- по 36 месеци би имал 54.000 денари,
- би можел да го купи телефонот кеш,
- би му останале уште 22.000 денари плус,
- и најважно од се, би избегнал трошоци за камата и не би имал долг.

Со дисциплина и трпение, наместо да плати многу повеќе, Иван би заштедил и стекнал навика на финансиска самоконтрола.

**Поента:** Ако не пресметаш однапред - лесно плаќаш повеќе. Без план, малите рати изгледаат невини, но носат големи трошоци. Вистинската цена секогаш се гледа кога ќе споредиш: кредит спрема штедење.

## Студија на случај 3 – „Фонд што спасува“

Наталија има 20 години и штотуку почнала да работи со скратено работно време. Иако не заработува многу, решава секој месец дисциплинирано да одвојува по 1.000 денари во свој „фонд за итни случаи“. Нејзината логика е едноставна: *„Ако нешто тргне наопаку, сакам да имам барем мал финансиски штит.“*

Во првите неколку месеци, штедењето ѝ изгледа бавно и не толку значајно. Но по една година, кога прави пресметка, согледува дека собрала 12.000 денари. Одеднаш сумата ѝ делува охрабрувачки, затоа што е резултат само на стабилна, мала навика, а не на големи одлуки.

Токму тогаш ѝ се случува неочекуван трошок: телефонот ѝ се расипува и поправката чини многу. Наместо да земе кредит, да користи картичка на рати или да позајмува, Наталија едноставно го користи својот фонд. Го покрива проблемот веднаш, без стрес, без камати и без долгови.

Ова искуство ѝ покажува дека финансиската сигурност не доаѓа од висока заработка, туку од навики што создаваат заштита.

**Поента:** Мал фонд → голема сигурност → нула паника.

## Студија на случај 4 – „Трошоци кои се кријат“

Група ученици решаваат да направат заедничка финансиска анализа, со цел да откријат каде исчезнува нивниот месечен буџет. На прв поглед, сите мислеле дека трошат само на „важни“ работи како на пр. храна, превоз, училишни материјали. Но кога ја направиле деталната пресметка, резултатите биле изненадувачки.

Откриле дека кај дури 80% од учениците постојат „необјаснети“ трошоци, односно суми кои не можат точно да ги поврзат со некоја категорија. Просечниот износ на овие

трошоци бил 2.200 денари месечно. Понатамошната анализа покажала дека најголем дел од нив потекнуваат од ситни, но чести импулсивни купувања: брза храна „во движење“, слатки и грицки, купување апликации, филтри за социјални мрежи и мали игри.

Токму овие мали трошоци, кои сами по себе изгледаат безопасни, на крајот создаваат значително оптоварување врз буџетот на учениците. Кога групата заеднички вовела едноставно правило - дневен лимит за импулсивни купувања, ефектот бил видлив веднаш. Веќе во првиот месец, импулсивните трошоци се намалиле за 40%, што за повеќето ученици значело неколку илјади денари заштеда месечно.

**Поента:** Малите и незабележливи трошоци најчесто го рушат буџетот додека свесноста ги намалува.

## Студија на случај 5 – „Приходи од три извори“

Стефан е 20-годишен студент кој секој месец мора внимателно да го организира својот буџет за да ги покрие трошоците за храна, превоз, материјали за факултет и повремени излегувања. За да има стабилни приходи, тој комбинира три различни извори на заработка.

<u>1) Прв извор – викенд работа</u>

Секој викенд Стефан работи во локално кафуле и заработува околу 5.500 денари месечно. Ова е неговиот најстабилен приход, бидејќи секој месец го добива во ист износ.

<u>2) Втор извор – стипендија</u>

Од факултетот добива 4.000 денари стипендија, што му помага да покрие дел од образовните и секојдневните трошоци. Овој извор е сигурен и не бара дополнителна работа.

<u>3) Трет извор – дигитални задачи</u>

Покрај тоа, Стефан повремено завршува мали онлајн задачи – дизајн, кратки текстови или едноставни административни задачи – и заработува 2.000 до 3.000 денари месечно, зависно од бројот на клиенти.

**Промената што ја менува ситуацијата:** По неколку месеци, кафулето каде што Стефан работи престанува да вработува викенд персонал. Тоа значи дека неговиот најголем фиксен приход во износ од 5.500 ден. едноставно исчезнува преку ноќ. Многу млади во ваква ситуација би западнале во финансиска криза, но кај Стефан тоа не се случува. Причината е што тој навреме создал диверзифициран буџет, односно истиот не зависел од само еден извор на пари. Благодарение на стипендијата и онлајн задачите, тој и понатаму може да ги покрива основните трошоци додека бара нова викенд работа. Наместо паника тој има време да донесе паметна одлука.

**Поента:** Разновидни приходи создаваат финансиска отпорност – кога еден извор ќе отпадне, другите те штитат од хаос.

## Студија на случај 6 – „Краткорочно задоволство спрема долгорочна добивка“

Марија има 20 години и студира визуелни уметности. Секој месец, од џепарлакот и повремените приходи ѝ остануваат околу 3.000 денари што ги троши на облека. Најчесто тоа се парчиња купени под импулс, како на пр. нешто што го видела на Instagram, попуст или моментален ентузијазам. Кога ќе се отвори плакарот, разбира дека голем дел од таа облека ја носи само еднаш, а дел никогаш.

Во исто време, Ана одамна размислува да се запише на курс по графички дизајн кој чини 9.000 денари. Тој курс би ѝ овозможил да развие портфолио и да започне со фриленс задачи, нешто што ѝ е голема желба. Но секогаш ја одлага одлуката со изговорот: *„Немам доволно пари“*.

Со мала анализа сфаќа дека парите ги има, само што тие тргнуваат во погрешна насока.

**Прашања и одговори**

1. Кои се нејзините опортунитетни трошоци?

Опортунитетен трошок на купување импулсивна облека е:

- пропуштена инвестиција во вештина
- пропуштена можност за идни приходи
- одложен професионален развој
- губење на шанса да создаде портфолио и фриленс работа

2. Какво е нејзиното финансиско однесување?

- импулсивно купување
- водено од емоција, не од план
- недостаток на приоритети
- нема јасна цел за парите

3. Што може да промени?

- да постави месечен лимит за облека
- да воведе „24-часовно правило“ за секоја куповна одлука
- да започне со едноставно следење на трошоците
- да ја пренасочи сумата што ја троши на облека кон курсот

4. Каква „паметна“ (SMART) цел може да постави?

„Ќе заштедам 9.000 денари за курс по графички дизајн до крај на следните 6 недели, така што секој месец ќе одвојувам најмалку 1.500 денари.“ (јасна, мерлива, достижна, релевантна и временски определена.)

5. За колку време би ја постигнала целта ако штеди 1.500 ден месечно?

9.000 ден / 1.500 ден = 6 месеци

**Поента:** Краткорочното задоволство не чини долгорочен развој. Кога парите ќе добијат цел, однесувањето се менува.

## Студија на случај 7 – „Импулсивно купување технологија“

Игор има 20 години и неодамна решил да го купи најновиот модел на телефон кој го посакувал со месеци. Наместо да заштеди, избира опција „купи на рати“, што го чини 2.200 денари месечно. Во продавницата купувањето изгледа брзо, едноставно и безболно: само потпис, лична карта и телефонот веднаш го добива.

Но, Игор не ја прочитал детално документацијата. Во договорот постои клаузула за казнена камата за секое доцнење на уплата. Поради тоа што неговите приходи варираат, веќе два пати доцни по 10-12 дена. На крајот на месецот забележува дека ратата повеќе не е 2.200 туку 2.550 денари. Ситуацијата се повторува, а неговото месечно салдо станува негативно, односно трошоците му се поголеми од приходите.

Психолошкиот дел е уште посилен: Игор признава дека го купил телефонот затоа што бил под влијание на емоции, желба за статус, страв да не „заостанува“, и моментална возбуда. Купувањето било импулсивно, а не планско.

Сега мора да се соочи со последиците: растечки долг, стрес, намалена финансиска стабилност и ризик од уште поголеми трошоци доколку продолжи да доцни.

**Одговори на поставените прашања**

1. Кој теоретски концепт не го разбрал Игор?
   → Најверојатно: *Ефективна каматна стапка (ЕКС)* и *временска вредност на парите*. Не сфатил дека вистинската цена на телефонот е многу поголема од рекламната.
2. Кои импулсивни фактори влијаеле врз купувањето?
   → Емоционален порив, притисок од маркетинг, желба за статус, страв од пропуштање („FOMO“).
3. Какви последици ќе има?
   → Поголем долг, дополнителни камати, финансиски притисок, намалена ликвидност, ризик од финансиски хаос.
4. Што би направил ти на негово место?
   → Би ја анализирал реалната цена на производот, би проверил алтернативи (користен телефон, одложено купување, штедење), би ги прочитал сите услови и би направил буџет за да видам дали навистина го дозволувам трошокот.

5. Каков план може да му помогне?

   → 3 чекори:

   - воспоставување месечен лимит и приоритети
   - отплата на долгот по јасен распоред (можно и предвремено ако може)
   - воведување „24-часовно правило“ за сите идни купувања над 1.000 денари

**Поента:** Анализирај пред да купиш. Биди свесен за скриените трошоци. Води сметка за импулсите пред да донесеш финансиска одлука.

### Симулација 1 - „Една недела со ограничен буџет (2.200 денари)“

Учесниците добиваат сценарија:

- неочекуван превоз,
- роденденска прослава,
- трошок за училишни материјали.

Секој учесник треба да:

1. направи буџет,
2. ги рангира приоритетите,
3. пресмета салдо,
4. објасни што променил и зошто.

### Симулација 2 - „Мој буџет — моја реалност“

**Цел:** Практична работа со личен буџет.

**Учесникот добива:**

- приходи: 11.000 денари месечно
- фиксни трошоци: 5.000
- варијабилни: 6.000

**Задачи:**

1. Да изработи буџет.
2. Да намали трошоци ако мора да заштеди 1.500 денари.
3. Да предложи 3 реални стратегии за штедење.